**UDK 339.52:334.788**

**ГАЛЕВА, Павлина**[1]

## ПРИДОБИВКИТЕ НА ИНКОТЕРМС ВО МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА НА СТОКИ

**Апстракт**

Правилата ИНКОТЕРМС играат витална улога во меѓународната трговија, нудејќи стандардизирани упатства кои ги дефинираат одговорностите на купувачите и продавачите во транспортот на стоки. Овој труд ги истражува придобивките од ИНКОТЕРМС во олеснувањето на глобалната трговија преку обезбедување јасност, намалување на ризиците и промовирање на ефикасност во движењето на стоки преку границите. Со воспоставување јасни услови за испорака, распределба на ризик и одговорности за трошоците, правилата ИНКОТЕРМС помагаат да се минимизираат недоразбирањата, да се спречат спорови и да се насочи логистиката во повеќе сектори на меѓународниот промет на стоки.

Во овој трудот, главно се анализира прашањето како правилата ИНКОТЕРМС еволуираат/прогресираат за да се приспособат на промените во меѓународната трговска динамика, како што се технолошкиот напредок, дигитализацијата, потребите на транспортот и логистиката воопшто. Дополнително, во трудот се елаборира како бизнис-секторот може да ги користи правилата ИНКОТЕРМС, за да ја подобри транспарентноста на синџирот на снабдување и да ја зајакнат економијата.

Преку сеопфатна анализа, трудот ја нагласува важноста на ИНКОТЕРМС како суштинска алатка за обезбедување непречена и сигурна размена на стоки на глобалниот пазар. Главната цел на трудот е токму тоа, да се види како модерните промени на правилата ИНКОТЕРМС придонесуваат кон модерните услови на транспортирање и воопшто кон логистиката во меѓународната трговија.

***Клучни зборови:*** *ИНКОТЕРМС, меѓународна трговија, транспорт, стоки, придобивки.*

**GALEVA Pavlina**[2]

## THE BENEFITS OF INCOTERMS IN INTERNATIONAL TRADE OF GOODS

**Abstract**

Incoterms play a vital role in international trade, providing standardized guidelines that define the responsibilities of buyers and sellers in the transportation of goods. This paper explores the benefits of Incoterms in facilitating global trade by providing clarity, reducing risks, and promoting efficiency in the movement of goods across borders. By establishing clear delivery terms, risk allocation, and cost responsibilities, Incoterms help minimize misunderstandings, prevent disputes, and streamline logistics.

The paper also examines how Incoterms is evolving to accommodate changing international trade dynamics, such as technological advances and new trade regulations. In addition, it highlights how businesses can use Incoterms to improve supply chain transparency and foster stronger commercial relationships. Through a comprehensive analysis, the paper highlights the importance of Incoterms as an essential tool for ensuring the smooth and secure exchange of goods in the global marketplace.

***Keywords:*** *Incoterms, international trade, transport, goods, benefits*

[1] *Студент на втор циклус на студии, Правен факултет, Универзитет “Гоце Делчев”, Штип, e-mail: pavlina.207677@student.ugd.edu.mk*

[2] *Student at the second cycle, Faculty of Law, University Goce Delcev, Stip, e-mail:pavlina.207677@student.ugd.edu.mk*

## Воведни дилеми во правилата ИНКОТЕРМС

Меѓународната трговија со стоки во најсовремените услови на транспорт, претставува еден од клучните двигатели на глобалната економија. Секојдневно се склучуваат илјадници договори помеѓу субјекти од различни правни, економски и културни системи. Во ваков динамичен и комплексен трговски контекст, потребата од правна сигурност, јасната комуникација и ефективна регулација на обврските меѓу страните е поголема од кога било. Ваквата реалност ги наметнува ИНКОТЕРМС како незаменлив инструмент во стандардизирањето на договорните односи поврзани со испораката на стоки.

Правилата ИНКОТЕРМС воспоставени и редовно ревидирани од страна на Меѓународната трговска комора (ICC), претставуваат збир од унифицирани трговски термини со правна природа кои имаат за цел да го уредат еден суштински сегмент од купопродажниот договор – *испораката на стоката и преносот на ризик и трошоци од продавачот на купувачот.* Овие правила не го уредуваат во целост договорот за купопродажба, меѓутоа, во клучните сегменти значително го олеснува спроведувањето на договорот.

Примената на ИНКОТЕРМС носи повеќекратни придобивки, како за правната структура на договорите, така и за нивното практично спроведување. Со тоа што ги прецизираат обврските за транспорт, осигурување, царинење и пренос на ризик, ИНКОТЕРМС овозможуваат намалување на правната неизвесност, подобрување на ефикасноста во испораката, како и намалување на трансакциските трошоци. Дополнително, тие придонесуваат за поедноставување на трговските процеси, олеснување на доказните постапки при евентуални спорови и генерално – за унапредување на довербата помеѓу деловните партнери. Најголемата придобивка на правилата ИНКОТЕРМС е содржана и во фактот што тие константно се менуваат на одреден временски период, сè со цел да ги опфатат новите и модерните трендови во трговијата.

## 1. Поим на правилата ИНКОТЕРМС, нивната цел и придобивка во меѓународната трговија

Тргнувајќи од значењето што го има меѓународната трговија во глобалната економија, Меѓународната стопанска комора (ICC)[3] објавува збир на ИНКОТЕРМС, официјално познати како меѓународни комерцијални/трговски термини. Глобално признати, една од клучните цели на правилата ИНКОТЕРМС е да се намали бројот на судски и арбитражни спорови меѓу страните во меѓународната трговија.

Страните вклучени во домашната и меѓународната трговија најчесто користат ИНКОТЕРМС како еден вид стенографија за да помогнат меѓусебно да се разберат и точните услови на нивните деловни аранжмани. Некои термини на ИНКОТЕРМС важат за секое транспортно средство, додека други термини се применуваат строго за транспорт преку вода (Baker, J. A, 2017).

ИНКОТЕРМС обезбедува универзален сет на правила и упатства кои помагаат да се олесни трговијата. Во суштина, тие обезбедуваат заеднички јазик што трговците можат да го користат за да ги постават условите за нивните занаети. Купувачите и продавачите можат да користат ИНКОТЕРМС во различни активности неопходни за водење бизнис. Вообичаените активности кои бараат употреба на ИНКОТЕРМС вклучуваат пополнување нарачка, етикетирање на пратка за транспорт, пополнување сертификат за потекло или документирање договор за бесплатен превозник (FCA).[4]

---

[3] Види повеќе за улогата на Меѓународната стопанска комора на официјалната страница на ICCwbo.org.

[4] Секој од трговскиот термин што е содржан во ИНКОТЕРМС Правилата претставува поим *per se,* и се однесува на точно одредување на правата и обврските на договорните страни во поглед на испорачувањето на стоката, односно кој ќе го сноси ризикот од случајно пропаѓање или

Бидејќи ICC редовно ги ревидира правилата ИНКОТЕРМС, договорните страни нужно мора да специфицираат која верзија ја користат (на пр., Incoterms 2020).[5] Исто така, трговските термини што се користат во различни земји може да изгледаат идентични навидум, меѓутоа тие можат да имаат различни значења кога се користат во посебните правни поредоци (International Chamber of Commerce (ICC).

Иако правилата ИНКОТЕРМС се предмет на периодична ревизија од страна на Меѓународната трговска комора, при што се врши усогласување со развојот на трговската практика и глобалните логистички текови, секоја нова верзија не ја укинува правната важност на претходните, туку тие остануваат во правна сила доколку се изречно наведени во договорот. Со други зборови, ИНКОТЕРМС не се применуваат автоматски според најновата верзија, туку важечката верзија е онаа што ја определиле договорните страни во моментот на склучување на договорот за купопродажба. Ваквата концепција е согласно потребите на бизнис секторот, и е голема придобивка на овој сет на *меко право* (*soft law*), со оглед на фактот што увозно-извозни компании не прогресираат со еднаква динамика и немаат идентични потреби во делот на логистиката.

Овој аспект ја потврдува диспозитивната/необлигаторна природа на правилата ИНКОТЕРМС, каде што договорната автономија има примарно значење. Така, на пример, страните можат и денес да се повикаат на ИНКОТЕРМС 2000 или 2010, без разлика што од 1 јануари 2020 година официјално е во сила најновата верзија – ИНКОТЕРМС 2020. При ваков избор, обврзувачка ќе биде само онаа верзија на која странките изречно се повикале, и нејзините правила ќе се применуваат врз односите меѓу нив, независно од постоењето на понова верзија.[6] Оттука и препораките на комората да се користи прецизна формулација во скицирањето на обврските и правата (на пр. „DAP, Incoterms 2020“).

Во практиката, ова води до правна ситуација во која паралелно коегзистираат повеќе верзии на ИНКОТЕРМС, и секоја од нив може да биде правно релевантна во зависност од волјата на странките. Така, судовите и арбитражните тела се должни да ја применат токму онаа верзија што е договорена, без оглед на нејзината „актуелност“ во поглед на годината на донесување.

## 2. Правна природа на правилата ИНКОТЕРМС како инструмент во олеснувањето на меѓународната трговија

Правната природа на правилата ИНКОТЕРМС е специфична, имајќи предвид дека тие не претставуваат *закон, конвенција, директива, регулатива, итн.,* туку претставуваат *меко право,* дополнителни сет на правила коишто имаат само логистичка/диспозитивна/резервна/дополнителна улога во олеснувањето на трговијата. Тие добиваат правно дејство само доколку странките во договорот за купопродажба изречно се повикаат на нивната примена, прецизирајќи ја и конкретната верзија имплементација на договорна клаузула „CIF – Incoterms 2020“). Иако тие можат да бидат водич за склучување на повеќе договори во делот на логистиката, ИНКОТЕРМС правлата *in concreto* се однесува само на договорот за продажба (Zelenika R. 2002). ИНКОТЕРМС се однесуваат исклучиво на обврските поврзани со испораката на стоката во меѓународната (или внатрешната) трговија. Тие точно ги определуваат:

---

оштетување, кој ќе плати транспорт и чија е обврската за осигурување на стоката. Во оваа насока, FCA укажува на тоа дека „*продавачот е одговорен за царината и испорачувањето на стоката на превозникот, на местото што е договорено*“.

[5] Генерално, практиката покажува дека внесувањето на посебна договорна клаузула со која изречно се предвидува која верзија од ИНКОТЕРМС го уредува договорот, има суштинско значење за уредување на односите.

[6] Види случаи од практиката на пример: *The Sabrewing 2008.*

Обврската за испорака – Кога и каде продавачот ја исполнува својата обврска за испорака (пр. дали ја предава стоката на брод, во пристаниште, на терминал, или ја испорачува до врата на купувачот).

Преносот на ризик – Кога и каде ризикот од оштетување или загуба на стоката преминува од продавачот на купувачот.

Трошоците – Кој ги покрива транспортните трошоци, царинските давачки, осигурувањето, товарење/истоварување и сл.

ИНКОТЕРМС не уредуваат:

- сопственичко право (т.е. кога сопственоста преминува),
- плаќање (како и кога ќе се изврши исплата),
- последици од прекршување на договорот,
- одговорност во случај на force majeure.[7]

Од правна перспектива, прашањето за ризик често се поврзува со прашањето за пренос на сопственост, на таков начин што ризикот е на товар на должникот или доверителот. Битно е да се нагласи дека станува збор за ризик од *случајно пропаѓање или оштетување на стоката што се транспортира, без да има вина на која било од договорните страни.* Во конктекст на ова, интересна е пресудата во спорот: *St. Paul Guardian Insurance Co. „Имено, во овој случај како спорно се наметнува прашањето: дали ризикот од оштетување на стоката преминува на купувачот по CIF условите, и дали и дали продавачот е одговорен за штетата?"*

*Во донесената пресуда, Судот изречно утврдил дека: „според CIF условите ризикот поминува врз качувачот во моментот кога стоката е предадена на бродот."* Паралелно со прашањето за преносот на ризик, се поставува и прашањето за *„преносот на сопственоста врз стоката"*, што е прилично комплексна проблематика, особено во ситуација кога станува збор за меѓународен транспорт на стока. Ова прашање спонтано го наметнува и прашањето за акредитациите, гаранциите, меѓународните плаќања итн. Носителите на деловна активност, фокусот го ставаат на стекнувањето на сопственоста на стоката, односно ефектуализирањето на нејзината вредност. Нивната цел е што поскоро да имаат стоки или хартии од вредност за да можат брзо и континуирано да развиваат нови правни и економски односи (Christopher M. 2016).

Поради горенаведеното, современата практика го поврзува концептот на ризик со концептот на испорака. Продавачот е должен да ја испорача стоката, да ги предаде документите и да обезбеди пренос на сопственоста. Купувачот, пак, има само обврска да ја плати договорената цена на стоката согласно купопродажниот договор. Ризикот преминува на купувачот во моментот на испорака на стоката, т.е. купена стока, исто така во согласност со условите на договорот за купопродажба. Со пренесување на ризикот на купувачот, без оглед на евентуално оштетување или губење на стоката, купувачот е должен да ја плати еквивалентната вредност на купената стока, освен во случаите кога продавачот е одговорен за евентуално губење или оштетување на стоката (Crane K, 2025).

ИНКОТЕРМС е регулирана со следниве обврски: обврски поврзани со испорака на стоки (работилница, фабрика, складиште, прв превозник, итн.), обврски поврзани со извршување на царинските формалности, обврски поврзани со осигурување на стоки за време на транспортот, обврски поврзани со стекнување на транспортно средство, обврски поврзани со стекнување на сертификат за потекло на производот на стоката и сл.), обврски поврзани со пакувањето на стоката, обврски поврзани со поделбата на трошоците меѓу продавачот и купувачот итн.

[7] Види: International Chamber of Commerce (ICC), Incoterms® 2020: ICC Rules for the Use of Domestic and International Trade Terms, Introduction, стр. 6–7. Zelenika, R., Međunarodna špedicija – otprema i prijevoz robe (Rijeka: Ekonomski fakultet Sveučilišta u Rijeci, 2002), стр. 211–215.

## 3. Придобивки од користењето на правилата ИНКОТЕРМС во меѓународната трговија на стока

Правилата ИНКОТЕРМС се ревидираат низ годините како последица на бројните промени во поморски и воздушен транспорт, копнениот и железничкиот превоз на стока. Водењето меѓународен трговски бизнис без претходно дефиниран ИНКОТЕРМС може да создаде некои големи недоразбирања на двете страни од договорот. Од нивното признавање од страна на Меѓународната стопанска комора (ICC) во 1939 година, ИНКОТЕРМС помогна да се насочи транспортот на стоки на три главни начини (International Chamber of Commerce (ICC) 2020).

**Јасност и правна сигурност**

Најзначајната придобивка од ИНКОТЕРМС е прецизното дефинирање на правата и обврските на продавачот и купувачот во однос на испораката на стоката, распределбата на трошоците и преносот на ризикот. Ваквата јасност ги намалува можностите за спор, а истовремено овозможува полесно и побрзо решавање на евентуални спорови, доколку тие сепак настанат.

Примената на стандардизирани термини, познати и прифатени од странки од различни правни системи, го минимизира ризикот од различни толкувања на договорните одредби. Тоа е од особена важност во транснационалната трговија, каде што странките доаѓаат од различни културни, економски и правни средини

Термините ИНКОТЕРМС се дизајнирани да ја олеснат меѓународната трговија. Надвор од јазичните бариери и валутните разлики, секоја земја има свој уникатен пресврт во трговската терминологија и практики.

Бидејќи ИНКОТЕРМС е основан од организација која постои надвор од која било влада, меѓународното усвојување е малку полесно. ИНКОТЕРМС обезбедуваат правна транспарентност помеѓу превозните компании од различни нации преку стандардизирани правила идентификувани со заеднички кодови за сите видови на транспорт.

Постојат седум видови ИНКОТЕРМС кои важат за сите видови превоз. Не е важно дали испораката е со камион или балон на топол воздух – параметрите поставени од ИНКОТЕРМС нема да се променат (Keen C.S. 2018).

**Управување со трошоци и обврски**

Меѓу работите за кои ИНКОТЕРМС дава јасност се финансиските и правните одговорности на секоја страна. Може да се каже дека тоа е најважната предност на користењето на ИНКОТЕРМС во меѓународната трговија.

На пример, ИНКОТЕРМС обезбедува правила за утврдување кој е одговорен за товарот во која било точка во текот на процесот на испорака. Ова вклучува плаќање и обезбедување осигурување за која било стока. Со други зборови, утврдува одговорност во случај на загуба или оштетена стока.

Имајќи го предвид порастот на пожарите на контејнерските бродови и другите настани со вкупна загуба, сакате да бидете свесни какви би биле вашите финансиски обврски во таква ситуација. Иако постојат случаи во кои превозниците ќе ја сносат финансиската одговорност за загубата, таа обично не е за целосна вредност. Во зависност од претходно договорените ИНКОТЕРМС, купувачот или продавачот е одговорен за товарот до одредена точка, а потоа другиот го презема.

**Дополнителни придобивки од користењето на ИНКОТЕРМС**

**1.Унапредување на довербата меѓу трговските партнери**

Кога двете страни прифаќаат признати и стандардизирани услови, се создава основа за поголема транспарентност и доверба (Ramberg, 2000). ИНКОТЕРМС ја намалуваат потребата од долготрајни преговори за секој поединечен услов на

испорака, што придонесува за побрзо склучување на договори. Според Ramberg (2000), употребата на стандардизирани термини како ИНКОТЕРМС овозможува јасност и правна предвидливост, што придонесува за градење доверба и олеснување на преговарачкиот процес помеѓу страните.

**2. Поедноставување на логистичкото планирање**

Преку јасно дефинирање на одговорноста за транспорт, осигурување, царинење и други логистички обврски, ИНКОТЕРМС им овозможуваат на компаниите полесно да ги координираат своите активности со шпедитери, транспортни компании и царински органи.

**3.Намалување на административни и судски трошоци**

Благодарение на прецизното дефинирање на ризиците и обврските, ИНКОТЕРМС помагаат да се избегнат правни спорови (Debattista, 2007). Дури и ако настане недоразбирање, стандардизацијата овозможува побрзо решавање без долги и скапи судски процеси. Според Debattista (2007), користењето на ИНКОТЕРМС во договорите го намалува ризикот од судски постапки бидејќи правата и обврските се прецизно формулирани. Тоа овозможува побрзо решавање на споровите и значително ги намалува трансакциските трошоци.

**4. Прилагодливост кон различни бизнис модели**

ИНКОТЕРМС нудат флексибилност која овозможува лесно прилагодување кон различни трговски модели – без разлика дали станува збор за мали извозници или големи мултинационални корпорации. Секој може да избере термин што најдобро одговара на нивниот капацитет, ризик-апетит и финансиска стратегија.

**5. Подобра проценка на вкупните трошоци**

Со јасно дефинирани точки на пренос на одговорност, трговските партнери можат точно да ги пресметаат трошоците поврзани со транспорт, осигурување, царина и складирање. Ова е особено важно за точна пресметка на маржи, понуди и крајна цена за клиентите.

**6. Усклađеност со глобалните регулативи и стандарди**

ИНКОТЕРМС се дизајнирани да бидат компатибилни со глобалната трговска пракса и со националните законодавства (Goh, 2011). Ова го олеснува меѓународното работење и ја зголемува сигурноста при трансакции со странски партнери. ИНКОТЕРМС се во согласност со глобалните стандарди и се ажурираат за да одговараат на современите регулативи и практики (International Chamber of Commerce [ICC], 2020).

- **Контрола на синџирот на снабдување.** Користењето на ИНКОТЕРМС за дефинирање трговски договори со добавувачите е еден од начините да се има повеќе или помалку врз товарот. Кога ќе се преземе одговорноста за уредување на превозот или товарењето, може исто така да се избере кои превозници и евентуално кои пристаништа ќе го ракуваат товарот.

Придобивките на правилата ИНКОТЕРМС се огледаат и во практичната имплементација на клаузулите, особено од перспектива на нивната примена. Така FOB (Free On Board) во случајот BP Oil International Ltd. v. Target Shipping Ltd. ("The

Sabrewing") [2004] EWCA Civ. Прашањето: Кога преносот на ризик се случува, и дали продавачот е одговорен за оштетување на стоката пред да ја испрати на брод?

**Пресуда:** Судот утврдил дека по условите **FOB**, ризикот преминува на купувачот во моментот кога стоката се наоѓа на бродот, без оглед на фактот што продавачот бил во процес на пакување и товарење. Продавачот не е одговорен за оштетување по преносот на ризик.

Pyrene Co Ltd v. Scindia Navigation Co Ltd [1954] 2 QB 402.

**ИНКОТЕРМС: FOB**

**Прашање:** Дали продавачот има обврска да осигура сигурно товарење на стоката?

**Пресуда:** Судот утврдил дека продавачот има обврска да го постави товарот на бродот, но не и да го осигури за време на товарењето. Ризикот преминува на купувачот кога стоката е поставена на брод.[8]

Понатаму, во примената на CIF, во конкретниот случај во кој како странки се: St. Paul Guardian Insurance Co. v. Neuromed Medical Systems & Support GmbH, 2002.

**ИНКОТЕРМС: CIF (Cost, Insurance and Freight)**

Кој носи одговорност за штета на стоката за време на превозот?

**Пресуда:** Судот потврдил дека по **CIF** условите, продавачот е одговорен за обезбедување на осигурување на стоката до местото на дестинација. Но, ризикот преминува на купувачот кога стоката е предадена на бродот.

**ЗАКЛУЧОК**

Во современиот глобализиран свет, каде што трговските односи се сè покомплексни, динамични и меѓузависни, правилата ИНКОТЕРМС се етаблираат како неопходен елемент за ефикасно, безбедно и правно уредено меѓународно тргување. Нивната примена не е само прашање на избор или добра практика – таа е предуслов за воспоставување стабилни и долгорочни трговски односи. ИНКОТЕРМС претставуваат унифициран јазик на трговијата што им овозможува на деловните субјекти, без разлика на нивното потекло, правен систем или големина, да функционираат на глобалниот пазар со јасна рамка на права и обврски.

ИНКОТЕРМС се клучен дел од меѓународната трговија со стоки, бидејќи овозможуваат јасна поделба на обврските, ризиците и трошоците помеѓу купувачите и продавачите. Со стандардизацијата на условите за испорака, ИНКОТЕРМС не само што ја олеснуваат логистиката и правната сигурност, туку и ја намалуваат можноста за конфликти и несогласувања во трговските трансакции.

ИНКОТЕРМС претставуваат еден од најважните столбови во областа на меѓународната трговија. Тие обезбедуваат јасен, прецизен и стандарден јазик кој им овозможува на сите учесници во трговските односи без разлика на нивната географска локација, културни разлики или правни системи да воспостават договори засновани на разбирање, доверба и правна сигурност.

Главната придобивка од ИНКОТЕРМС е што тие овозможуваат јасно дефинирање на обврските и одговорностите на двете страни во трговскиот процес продавачот и купувачот. Со точно прецизирање на моментот кога трошоците и ризикот се пренесуваат од продавачот на купувачот, се избегнуваат нејаснотии и потенцијални спорови. Ова е од особено значење кога се работи за трансакции кои вклучуваат повеќе

[8] Пресудите се преземени од официјалната страница на LawTeahers.net.

посредници, комплексни логистички рути и различни правни јурисдикции. Дополнително, ИНКОТЕРМС овозможуваат подобро планирање на трошоците и поедноставување на административните обврски. Прецизирањето кој е одговорен за превозот, осигурувањето, царинските процедури и останатите логистички активности овозможува поголема транспарентност и поефикасно управување со времето и ресурсите.

Во денешната динамична и глобализирана економија, каде што меѓународната трговија е основа на растот и развојот на речиси сите земји, ИНКОТЕРМС придонесуваат за намалување на ризикот од грешки и правни недоразбирања. Компаниите кои ги применуваат овие термини покажуваат професионален пристап кон своето работење, што резултира со зголемена доверба кај деловните партнери, институциите и финансиските субјекти како банките. Истовремено, со редовното ажурирање на ИНКОТЕРМС (последната верзија е ИНКОТЕРМС 2020), се овозможува усогласување со современите трговски практики, новите видови на транспорт, дигитализацијата на документи и еволуцијата на глобалните пазари. Тоа ги прави ИНКОТЕРМС не само актуелни, туку и неопходни за интересите на бизнис секторот.

Кога компаниите ги применуваат овие правила, тие можат да ја подобрат ефикасноста на своите снабдувачки синџири, да ги оптимизираат трошоците и да го зголемат своето конкурентно ниво на глобалниот пазар. Со оглед на промените во технологијата, е-трговијата и новите трговски регулативи, ИНКОТЕРМС продолжуваат да се прилагодуваат, што ги прави уште попогодни за современите предизвици во меѓународната трговија. На овој начин ИНКОТЕРМС, не само што ја олеснуваат меѓународната размена на стоки, туку и создаваат постабилен и предвидлив трговски амбиент. За компаниите, е од суштинско значење да ги разберат и применуваат правилата на ИНКОТЕРМС за да го зголемат својот успех и минимизираат ризиците поврзани со трговијата.

Конечно, може да се заклучи дека ИНКОТЕРМС не се само технички поими во договорите, туку се стратешки алатки кои го олеснуваат глобалното тргување, ги зголемуваат деловните можности, го намалуваат ризикот и придонесуваат за стабилност и сигурност во економските односи. Затоа, нивната примена треба да биде задолжителна пракса во секоја компанија што има аспирации за успешно позиционирање на меѓународниот пазар. ИНКОТЕРМС не се само формалност – тие се алатка од суштинско значење за сигурна, ефикасна и правно заштитена меѓународна размена на стоки. Нивната имплементација треба да биде составен дел од трговската стратегија на секоја компанија која тежнее кон долгорочна стабилност, раст и интернационализација. Во таа смисла, ИНКОТЕРМС се повеќе од трговски услови – тие се симбол на современа, транспарентна и одговорна деловна практика.

## Библиографија

Baker, J. A. (2017). *Global Business and Trade: The Impact of Incoterms on Risk and Cost Allocation*. Journal of International Business Studies, 48(2), 121-134

Bowersox, D. J., Closs, D. J., & Cooper, M. B. (2013). *Supply Chain Logistics Management* (5th ed.). McGraw-Hill Education.

Christopher, M. (2016). *Logistics & Supply Chain Management* (5th ed.). Pearson Education.

International Chamber of Commerce (ICC) (2020). *Incoterms® 2020: ICC Rules for the Use of Domestic and International Trade Terms*. International Chamber of Commerce.

Keen, C. S. (2018). *International Trade and Its Impact on Business Strategies*. Pearson Education.

Zelenika R.: INCOTERMS 2000. u teoriji i praksi, 100 savjeta i 100 primjera, Ekonomski fakultet u Rijeci, Rijeka, 2002.

Ramberg, J. (2000). ICC Guide to Incoterms 2000: Understanding and Practical Use. Paris: International Chamber of Commerce (ICC).

Goh, N. K. (2011). Understanding Incoterms: Their Use in International Trade Contracts. Singapore: World Scientific Publishing.

Debattista, C. (2007). Sale of Goods Carried by Sea. Oxford: Oxford University Press.

https://cdn.tibagroup.com/wp-content/uploads/2020/01/Incoterms_2020_v6_EN-1-scaled.jpg

https://www.trade.gov/know-your-incoterms

https://usacustomsclearance.com/process/advantages-of-incoterms/